**СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ**

**ПРЕДЛОГ**

# О Д Л У К А

за прераспределба на дел од акумулираната добивка во добивка ограничена за распределба на акционерите

Скопје, Мај 2020

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (С.О. бр. 399/04.03.2020, пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје, на седницата одржана на __________2020, донесе

**О Д Л У К А**

за прераспределба на дел од акумулираната добивка во добивка ограничена за распределба на акционерите

**Член 1**

Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје ја одобрува прераспределбата на дел од акумулираната добивка во добивка ограничена за распределба на акционерите, во вкупен износ од МКД 134,163,690.00.

**Член 2**

Наведениот износ од член 1 од оваа Одлука не е расположлив во иднина за исплата на дивиденда на акционерите (ограничена за распределба на акционерите) и како таков, во согласност со релевантната важечка регулатива на Народната Банка на Република Северна Македонија, има третман на основен капитал на Стопанска банка АД - Скопје.

**Член 3**

Наведениот износ од член 1 од оваа Одлука ја вклучува распределената акумулирана добивка согласно Одлуките за распределба на добивката на Стопанска банка АД – Скопје од предходни години.

**Член 4**

Образложението е интегрален дел од оваа Одлука.

**Член 5**

Оваа Одлука ќе стапи на сила со денот на донесувањето.

С.О. бр.
_________.2020
Скопје

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

Претседавач,

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје на своите годишни седници одржани во претходните години, донесе релевантни одлуки за распределба на добивка, со кои акционерите расопоредија дел од добивката во акумулирана добивка.

Со приложената Одлука се предлага акумулираните добивки за претходни години, кои прават износ од МКД 134,163,690.00, да се прераспределат во акумулирана добивка која нема да биде расположлива за исплата на дивиденда на акционерите во иднина (ограничена за распределба на акционерите) во согласност со одредбите на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватност на капиталот.

Горенаведеното е со цел обезбедување на коефициентот на адекватност на капитал и ќе послужи за поддршка на деловни и развојни цели во иднина.

Согласно горе наведеното се предлага Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје, да ја донесе Одлуката за прераспределба на дел од акумулираната добивка во добивка ограничена за распределба на акционерите, како што е предложено.

**НАДЗОРЕН ОДБОР**